**622.**

Врз основа на член 7-в став (3) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Републиka Македонија" бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), министерот за економија, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА КНИГАТА ЗА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗВРШЕНИТЕ ПРОСПЕКЦИСКИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водењето на Книгата за водење на евиденција за извршените проспекциски геолошки истражувања.

Член 2

Книгата за водење на евиденција за извршените проспекциски геолошки истражувања (во понатамошниот текст: Книгата) се води во хартиена форма како тврдо укоричена книга со димензии 210 х 297 мм на евиденциски листови кои се меѓусебно поврзани и нумерирани и се испечатени на хартија со бела боја во А4 формат.

Книгата е со црвени корици и на првата страна има испишан текст со букви во црна боја: „Книга за водење на евиденција за извршените проспекциски геолошки истражувања".

Член 3

Евиденцискиот лист од Книгата содржи податоци за:

1. НОСИТЕЛОТ НА ПРОСПЕКЦИСКИТЕ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

1.1 Концесионер,

1.2 Број и датум на Договорот за доделување на концесија за проспекциски геолошки истражувања,

1.3 Надлежен орган кој ја доделил концесијата,

1.4 Минерални суровини кои се предмет на истражувањата,

1.5 Одобрен простор за истражувањата,

1.6 Времетраење на истражувањата и

1.7 Изведувач на истражувањата.

2. ВИД И ОБЕМ НА ИСТРАЖНИ РАБОТИ

2.1 Површина опфатена со картирање и опробување на теренот,

2.2 Вид на опробување,

2.3 Број на земени проби,

2.4 Датум на земените проби,

2.5 Лице кое ги земало пробите и

2.6 Лабораториски испитувања и анализи (се наведуваат сите видови на анализи кои ќе се изведат по вид и обем).

Формата и содржината на Книгата се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 24-1023/1
25 февруари 2022 година
Скопје

Министер за економија,
**Kreshnik Bekteshi,** с.р.

Прилог

# КНИГА
# ЗА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗВРШЕНИТЕ ПРОСПЕКЦИСКИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

**ЕВИДЕНЦИСКИ ЛИСТ**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **НОСИТЕЛ НА ПРОСПЕКЦИСКИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА** | |
| 1.1 | Концесионер | |
| 1.2 | Број и датум на Договорот за доделување на концесијата за проспекциски геолошки истражувања | |
| 1.3 | Надлежен орган кој ја доделил концесијата | |
| 1.4 | Минерални суровини кои се предмет на истражувањата | |
| 1.5 | Одобрен простор за истражувањата | |
| 1.6 | Времетраење на истражувањата | |
| 1.7 | Изведувач на истражувањата | |
| **2.** | **ВИД И ОБЕМ НА ИСТРАЖНИ РАБОТИ** | |
| 2.1. | Површина опфатена со картирање и опробување на теренот | |
| 2.2 | Вид на опробување | |
| 2.3 | Број на земени проби | |
| 2.4 | Датум на земените проби | |
| 2.5 | Лице кое ги земало пробите | |
| 2.6 | Лабораториски испитувања и анализи (се наведуваат сите видови на анализи кои ќе се изведат по вид и обем) | |

**Одговорно лице од концесионерот,**

(име, презиме и потпис)

**Надзорен орган,**

(име, презиме и потпис)

Në bazë të nenit 7-c paragrafi (3) të Ligjit për lëndët e para minerale („Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/ 15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 dhe 7/19), Ministri i Ekonomisë, miratoi

**RR E G U LL O R E**
**PËR FORMËN, PËRMBAJTJEN DHE MËNYRËN E MBAJTJES SË LIBRIT PËR MBAJTJEN E EVIDENCËS PËR KËRKIME GJEOLOGJIKE PROSPEKTIVE TË KRYERA**

Neni 1

Me këtë Rregullore përshkruhet forma, përmbajtja dhe mënyra e mbajtjes së Librit për mbajtjen e evidencës për kërkime gjeologjike prosepektive të kryera.

Neni 2

Libri i për mbajtjen e evidencës për kërkime gjeologjike prosepektive të kryera (në tekstin e mëtejmë: Libri) mbahet në formë letre në libër me kopertinë të fortë me përmasa 210 x 297 mm të fletëve të evidencës të cilat janë të ndërlidhura dhe të numëruara dhe printohet në letër të bardhë në format A4.

Libri ka kopertina të kuqe dhe në faqen e parë ka tekst të shkruar me shkronja të zeza: „Libër për mbajtjen e shënimeve të kërkimeve gjeologjike prospektive të kryera“.

Neni 3

Lista e evidencës së Librit përmban të dhëna për:

MBAJTËSIN E KËRKIMEVE GJEOLOGJIKE PROSPEKTIVE

1.1 Koncesionari,

1.2 Numri dhe data e Marrëveshjes për ndarjen e Koncesionit për kërkime gjeologjike prospektive,

1.3 Organi kompetent që ka ndarë koncesionin,

1.4 Lëndët e para minerale që janë objekt i kërkimit,

1.5 Hapësira e miratuar e kërkimit,

1.6 Kohëzgjatja e kërkimit dhe

1.7 Kontraktori i kërkimit

2. LLOJI I FUSHËS SË PUNËVE KËRKIMORE

2.1 Sipërfaqja e mbuluar me hartë dhe testimi i terrenit,

2.2 Lloji i testimit,

2.3 Numri i provave të marra,

2.4 Data e marrjes së provave,

2.5 Personi që ka marrë provat dhe

2.6 Testet dhe analizat laboratorike (listohen të gjitha llojet e analizave që do të kryhen sipas llojit dhe fushëveprimit).

Forma dhe përmbajtja e Librit janë dhënë në Shtojcë që është pjesë përbërëse e kësaj Rregulloreje.

Neni 4

Kjo Rregullore hyn në fuqi ditën e nesërme të publikimit në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut“.

Nr. 24-1023/1
25.2.2022
Shkup

Ministër i Ekonomisë,
**Kreshnik Bekteshi,** d.v.

Shtojca

**LIBRI**
**PËR MBAJTJEN E EVIDENCËS PËR**
**KËRKIME GJEOLOGJIKE PROSPEKTIVE TË KRYERA**

**LISTA E EVIDENCËS**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | MBAJTËSI I KËRKIMEVE GJEOLOGJIKE PROSPEKTIVE | |
| 1.1 | Koncesionari, | |
| 1.2 | Numri dhe data e Marrëveshjes për ndarjen e Koncesionit për kërkime gjeologjike prospektive. | |
| 1.3 | Organi kompetent që ka ndarë koncesionin, | |
| 1.4 | Lëndët e para minerale që janë objekt i kërkimit. | |
| 1.5 | Hapësira e miratuar e kërkimit, | |
| 1.6 | Kohëzgjatja e kërkimit | |
| 1.7 | Kontraktori i kërkimit | |
| **2.** | LLOJI I FUSHËS SË PUNËVE KËRKIMORE | |
| 2.1. | Sipërfaqja e mbuluar me hartë dhe testimi i terrenit. | |
| 2.2 | Lloji i testimit. | |
| 2.3 | Numri i provave të marra | |
| 2.4 | Data e marrjes së provave. | |
| 2.5 | Personi që ka marrë provat | |
| 2.6 | Testet dhe analizat laboratorike (listohen të gjitha llojet e analizave që do të kryhen sipas llojit dhe fushëveprimit). | |

**Personi përgjegjës nga koncesionari,**

(emri,mbiemri dhe nënshkrimi)

**Organi mbikëqyrës,**

(emri,mbiemri dhe nënshkrimi)